Архивски број: 08-99/4
14-02-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-99/1 од 17.01.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] 1/3 во Скопје, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, сторена од страна на [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација "(Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-99/1 од 17.01.2024 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 17.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје заведена под број 08-99, а против [redacted] за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Со оглед на изнесеното, на 22.01.2024 година Комисијата, согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави Барање број 08-99/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, така што ќе ги наведе потребните елементи за доуредување на претставката, а особено да ги достави следните податоци: правно лице против кое е поднесена претставката – со наведување на седиште и број на истото; детален опис на настанот заради кој подносителката смета дека е дискриминирана; наведување на основ на

дискриминација со оглед да во претставката е наведена – Друга основа и приложување на докази доколку подносителката такви поседува.

Подносителката на претставката достави Известување број 08-99/3 од 29.01.2024 година, со кое извести дека поднесокот односно претставката се однесувала за [redacted] кој се однесувал над Законот за работни односи и го прекршувал истиот, со што се повредувале работничките права од кои многумина биле засегнати.

Во смисла на наведеното, а со оглед да подносителката не ја доуреди претставката согласно доставеното Барање, односно со оглед да доуредувањето не ги содржи потребните елементи за понатамошно постапување по истата, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Скопје
14.02.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Замнеик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk